STEFANIJA

05.12.2019

03 3004/1


И З В Р Ш И Т Е Л
Александар Кузмановски
именуван за подрачјето
на Основниот суд
Гостивар и Кичево
ул.Живко Брајковски бр.23
тел. 042 27 24 24


Образец бр.66

И.бр. 379/2019

Извршителот **Александар Кузмановски** од **Гостивар** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Халк Банка АД Скопје** од Скопје со седиште на ул.Свети Кирил и Методиј бр.54, засновано на извршната исправа ОДУ.[redacted] на нота[redacted] против должнико[redacted] **променет нази**[redacted]**а сега со** [redacted], **видно од Историјат на промени на ЦРРСМ од 03.05.2019 година бр.0805-50/15112019002322, и заложните должници** [redacted]за спроведување на извршување, вредност [redacted]денари, на ден 04.12.2019 година го издава следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ВТОРА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА втора продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

ЛИСТ Б

- КП 7736, дел 1, викано место Гостивар, култура гз гиз, површина од 62 м2,
- КП 7736, дел 1, викано место Гостивар, култура гз зпз 1, површина од 122 м2.

ЛИСТ В

- КП 7736, дел 1, адреса ул.Беличица бр.36, бр. на згр.1, намена на зграда А1-1, влез 1, кат ПО, број 1, намена на посебен дел ДП, површина од 9м2,
- КП 7736, дел 1, адреса ул.Беличица бр.36, бр. на згр.1, намена на зграда А1-1, влез 2, кат ПР, број 1, намена на посебен дел ХС, површина од 12м2,
- КП 7736, дел 1, адреса ул.Беличица бр.36, бр. на згр.1, намена на зграда А1-1, влез 3, кат ПР, број 1, намена на посебен дел ДП, површина од 52м2, опишани по ИЛ.бр.100799 за КО Гостивар 2, сопственост на заложниот должник Осман Амети,

и врз недвижноста запишана во ИЛ. бр.75625 за КО Гостивар 2 со следните ознаки:

ЛИСТ В

-КП 7736, дел 1, адреса ул.Беличица бр.36, бр. на згр.1, намена на згр. и други објекти А1-2, влез 1, кат ПО, број 1, намена на посебен/заеднички ден од зграда ДП, внатрешна површина од 41м2, сопственост на заложниот должник Љиндмир Авмети, како и врз недвижноста опишана во геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени теренска идентификација со премерување на недвижноста бр.08-103/3-2019 од 30.08.2019 година на Друштво за геодетски работи, проектирање, инжињеринг и консалтинг ГЕО ГЕО Нова ДОО увоз-извоз Тетово како КП.бр.7736 дел 1, број на зграда/објект 1, намена на зграда и друг објект А1-2, влез 1, кат ПО, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП во површина од 9м2, која недвижност е со незапишани права.

*Продажбата ќе се одржи на ден 24.12.2019 година во 11:00 часот* во просториите на Извршител Александар Кузмановски од Гостивар, на ул. Живко Брајковски бр.23 Гостивар.

Вредноста на погоренаведената недвижност беше утврдена со Заклучок за утврдување на вредност на недвижност И.бр.379/2019 од 31.10.2019 година на Извршителот Александар Кузмановски од Гостивар, а почетната цена за оваа втора продажба со усно јавно наддавање на предлог на доверителот се намалува и се определува на износ од 108.300,00 евра во денарска противвредност по средниот курс на НБРСМ на денот на исплатата како почетна цена за оваа втора продажба со усно јавно наддавање под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.

Недвижноста опишана по И.Л.бр.100799 КО Гостивар 2 е оптоварена со следните товари и тоа воспоставено право на залог- хипотека во корист на Халк Банка АД Скопје со Договор за залог-хипотека ОДУ.бр .788/17 од 10.07.2017 година на Нотар Башким Елези, воспоставено право на залог- хипотека во корист на Халк Банка АД Скопје Нотарски акт –договор за залог хипотека од втор ред ОДУ.бр.1380/2018 од 03.09.2018 година на Нотар Себаедин Даути, Налог за извршување врз недвижност И.бр.379/2019 од 22.05.2019 година на Извршител Александар Кузмановски, Налог за извршување И.бр.377/2019 од 22.05.2019 година на Извршител Александар Кузмановски и Записник за попис на предметна недвижност И.бр.379/2019 од 17.09.2019 година на Извршител Александар Кузмановски.

Недвижноста опишана по И.Л.бр.75625 КО Гостивар 2 е оптоварена со следните товари и тоа воспоставено право на залог- хипотека во корист на Халк Банка АД Скопје со Договор за залог-хипотека ОДУ.бр .788/17 од 10.07.2017 година на Нотар Башким Елези, воспоставено право на залог- хипотека во корист на Халк Банка АД Скопје Нотарски акт – договор за залог хипотека од втор ред ОДУ.бр .1380/2018 од 03.09.2018 година на Нотар Себаедин Даути, Налог за извршување врз недвижност И.бр.379/2019 од 26.06.2019 година на Извршител Александар Кузмановски, налог за извршување И.бр.377/2019 од 26.06.2019 година на Извршител Александар Кузмановски и Записник за попис на предметна недвижност И.бр.379/2019 од 17.09.2019 година на Извршител Александар Кузмановски.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

**Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 240190361123114 која се води кај УНИ Банка и даночен број МК5007013506810**.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Александар Кузмановски

Д.-на: доверител
должник
Град Гостивар - Сектор за финансии
Одделение за наплата на даноци,
такси и други надоместоци

X

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд Гостивар согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.